Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 20/2021
Дата....12.-01-.2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Македонски Брод, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,168 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y16620** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на "Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска" заради што е неопходно да се почитуваат планските определби од овој регионален просторен план.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Македонски Брод, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 32946 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,168 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 20/2021 од 11.01.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

со класа на намена Г3.7 – мали хидроелектрани, на КП бр. 1951/4 и дел од КП бр. 1951/3 и 3838 во КО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk